АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА

1. ПРОГРАМИ

Преглед на програмите и потпрограмите на АПРЗ и нивна поврзаност со приоритетите и целите на Владата и приоритетите и целите на АПРЗ.

1.1. ПРОГРАМА: СОВЕТИ

Поврзаност со приоритетите и приоритетните цели на Владата во 2020 година:

Стратешки приоритет на Владата: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните.

Приоритетни цели на Владата:

- зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи;
- надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството;
- подигнување на јавната свест за значењето на животната средина и заштитата на климата и едукација на населението од областа на животната средина;
- промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во ЕУ преку транспарентност, зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница и интензивирање на регионалната соработка;
- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите.

Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на АПРЗ:

- зголемување на конкурентната способност на земјоделскиот сектор;
- обезбедување на стабилно ниво на приходи на ЗС;
- оптимално управување и заштита на почвата и водата, правилна употреба на хемиски препарати и унапредување на ефикасноста на користењето на природните ресурси, дефинирани како барања за вкрстена сообразност;
- подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности;
- поттикнување на локален развој на руралните средини.
- обезбедување квалитетни СУ насочени во поддршка на процесот на реструктуирање на ЗС во успешни и конкурентни бизнис субјекти;
- подобрување на знаењето на ЗП за попродуктивни нови технологии на производство обезбедено преку функционални форми на трансфер на знаење;
- развој на систем за информирање и комуникација со ЗС.
- обезбедување на СУ и техничко-административна поддршка за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој (ПФПРР);
- обезбедување на СУ и техничко-административна поддршка за користење на средства од ИПАРД програмата;
- поддршка во изработка на деловни планови и технички предлог проекти, инвестициони и други програми.
- подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството
- економско јакнење на руралната жена, јакнење на лидерските вештини на жените - фармери
- едукативни теренски обуки на жените - фармери.

Цел на програмата СОВЕТИ: Организирање и обезбедување на советодавни услуги за ЗС во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми.

ПОТПРОГРАМА 1: Подобрени знаења и вештини на земјоделците за растително и сточарско производство

Цел на потпрограмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги по специјалности за ЗС

ПОТПРОГРАМА 2: Воведување и спроведување на вкрстената сообразност во земјоделските активности кај ЗС во руралните средини

Цел на потпрограмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги за воведување на вкрстена сообразност кај ЗС

ПОТПРОГРАМА 3: Е-советодавни услуги

Цел на потпрограмата: Употреба на електронски средства за информирање како метод за масовно советување

ПОТПРОГРАМА4: Поддршка во реализција на владини програми и ЕУ (Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ИПАРД и сл.)

Цел на потпрограмата: Учество во спроведување на Националната Програма за РР и ИПАРД Програмата

ПОТПРОГРАМА5: Поголема застапеност на родовата рамноправност на жените во руралните средини

Цел на потпрограмата: Подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството

1.2. ПРОГРАМА: ФАДН

Поврзаност со приоритетот и приоритетните цели на Владата во 2020 година:

- развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните;
- успрешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.

Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на АПРЗ:

- исполнување на обврска согласно Законот за ФАДН и Годишниот договор за прибирање на сметководствени податоци од ЗС

Цел на програмата ФАДН: Одржување континуитет на базата на податоци од репрезентативни фарми во РСМ и нивна дисеминација.

ПОТПРОГРАМА1: Систем за мониторинг на фарма/ФАДН

Цел на потпрограмата: Одржување континуитет на базата на податоци од репрезентативни фарми и нивна дисеминација.

1.3. ПРОГРАМА: ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

Поврзаност со приоритетот и приоритетните цели на Владата во 2020 година:

- Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните.
- Успрешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.

Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на АПРЗ:

- целосна имплементација на препораките од Функционалната анализа во насока на институционално зајакнување;
- воспоставување на целосно интегриран информациски систем во административното работење;
- зајакнат административниот капацитет на АПРЗ согласно годишниот план за обуки и вработувања;
- зголемување на институционалниот капацитет за подготвување и спроведување на Стратешкиот план и Годишниот пан за работа, оценување и известување на постигнатите резултати;
- реорганизација на АПРЗ преку зајакнување на отчетноста;
- доследно спроведување на реформскиот процес со силна институционална поддршка, согласно Владините препораки;
- имплементација на системот за квалитет во управувањето ИСО 9001.

Цел на програмата ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ: Подобрено управување, развој, следење и евалуација на човечките ресурси и менаџментот на сите нивоа на управување.

ПОТПРОГРАМА 1: Зајакнување на административниот капацитет на АПРЗ

Цел на потпрограмата: Оптимизација на работните процеси и развој на човечките ресурси

ПОТПРОГРАМА 2: Надградба на ИКТ системот

Цел на потпрограмата: Зголемена ефективност и ефикасност на работните процеси

ПОТПРОГРАМА 3: Формално - правна консолидација и имплементација

Цел на потпрограмата: Спроведување на законски и подзаконски акти

2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Извештај за постигнатите резултати

2.1. Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:

Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="2">Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните.
- зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи;
- надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството;
- подигнување на јавната свест за значењето на животната средина и заштитата на климата и едукација на населението од областа на животната средина;
- промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во ЕУ преку транспарентност, зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница и интензивирање на регионалната соработка;
- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите..

- трансфер на знаења кај ЗП во насока на остварување на профитабилно, конкурентно и пазарно ориентирано земјоделско производство;
- креирање и испорака на СУ од областа на растителното и сточарското производство;
- развој на систем за информирање и комуникација со ЗС
- учество во креирање и спроведување на СУ поддржани од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој (ПФПРР);
- учество во креирање и спроведување на СУ поддржани од ИПАРД програмата;
- поддршка во изработка на деловни планови и технички предлог проекти на секој апликант;
- поддршка при унапредување на заштитата на животната средина во процесот на земјоделското производство.</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата/потпрограмата:
<u>ПРОГРАМА 1:</u> СОВЕТИ

ПОТПРОГРАМА 1: Подобрени знаења и вештини на земјоделците за растително и сточарско производство</td><td>Цел на програмата/потпрограмата:
Организирање и обезбедување на советодавни услуги за ЗС во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми.
- Организирање и обезбедување на советодавни услуги по специјалности за</td><td>Одговорен:
Сектор за земјоделство и рурален развој</td></tr>
</table>

ПОТПРОГРАМА 2: Воведување и спроведување на вкрстената сообразност во земјоделските активности кај ЗС во руралните средини **ПОТПРОГРАМА 3: Имплементација на систем за е-советодавни услуги и информирање** **ПОТПРОГРАМА 4: Поддршка во реализција на ЕУ и владините програми (ИПАРД, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој)** **ПОТПРОГРАМА 5: Поголема застапеност на родовата рамноправност на жените во руралните средини**	ЗС - Организирање и обезбедување на советодавни услуги за воведување на вкрстена сообразност кај ЗС - Употреба на електронски средства за информирање како метод за масовно советување - Учество во спроведување на Националната Програма за РР и ИПАРД Програмата - Подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството	

СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Мерка/активност	Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво	Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата	Коментар
Мерка: Совети по специјалност **Активност:** Совети (растително) **Активност:** Совети (сточарство)	Дадени совети кај 20 ЗС по советодавец од страна на 86 советодавци. - Дадени совети (растително) кај 1.120 земјоделци, - Дадени совети (сточарство) кај 520 земјоделци, - 10% застапеност на родовата еднаквост	Обезбедени СУ по специјалност на **3.496 ЗС** од 86 советодавци од кои: - СУ од растително производство на **2.783 ЗС** од 56 советодавци: ○ информации на 105 ЗС и ○ совети на 2.678 ЗС. - СУ од сточарско производство на **713 ЗС** од 26 советодавци: ○ информации на 65 ЗС и ○ совети на 648 ЗС. - Од вкупниот број на корисници 13% се жени. Со оваа Мерка/Активност резултатите и целите на Програмата се исполнети.	Недоволен број на советодавци во однос на бројот на корисници на советодавни услуги. Непостојаност на извршители поради вработување на советодавци од времен карактер со ризик од променлив континуитет. Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа намалени, а трибините како масовни настани не се одржаа. Потребна е дигитализација на Системот за евиденција и следење на активности со цел следење, обработка и анализа на податоците.
Мерка: Вкрстена сообразност	Правилник за листа на посебни минимални услови за ДЗП и		Недоволен број на советодавци во однос на бројот на корисници на

Активност: Усогласеност со ДЗП и ЗЖС	ЗЖС. Едукација на ЗС согласно доставен список од АФПЗРР. - обезбедени совети и информации на 650 ЗС	- Извршена едукација на 195 ЗС согласно доставен список од АФПЗРР. - Извршено советување на 449 ЗС - Дадени информации на 285 ЗС Планираниот резултат е во целост исполнет.	советодавни услуги. Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа намалени, а групните јавни средби не се одржаа.
Мерка: Систем на евиденција и комуникација со ЗС по пат на СМС информирање **Активност:** Е-информирање со користење на СМС пораки **Активност:** Евиденција на нови корисници	Креирана база на корисници. - достава на СМС пораки до корисниците по потреба на советодавецот - евидентирани 1.000 нови корисници во базата на податоци	- 5 СМС пораки креирани и испорачани - евидентирани 500 нови корисници во базата на податоци Планираниот резултат е делумно исполнет.	Несоодветно поставен показател на резултат при планирањето. Кај советодавците нема навика за користење на алтката СМС информирање.
Мерка: Виртуелен центар за СУ **Активност:** Редовно ажурирање на веб страната со објавување на новости, поставување на советодавни материјали и др. информации	Постоечки веб портал кој редовно се надградува. - објавени 60 информации и 5 советодави материјали на веб страната, - за 10% зголемена посетеност на веб страната	- Објавени 27 информации и 1 советодавен материјал на веб страната. - Посетеноста на веб страната е зголемена за 10%. -Планираниот резултат е половично исполнет.	Поради обемот на активности и нивна приоритетизација, советодавците немаат доволно време соодветно да известуваат за настани и да креираат стручни материјали.
Мерка: Поддршка на корисниците во мерките за финансиска поддршка **Активност:** Поддршка за ПРР **Активност:** Поддршка за ИПАРД **Активност:** Поддршка за др. јавни повици	Активности условени од објавување на јавни повици од страна на АФПЗРР и МЗШВ. - Број на корисници со обезбедени информации и техничко-административна поддршка.	- Обезбедени СУ за **ПРР** на **2.675** корисници: o Информирани 2.288 корисници, o Обезбедена административна поддршка на 387 корисници. - Обезбедени СУ за **ИПАРД** на **4.173** корисници: o Информирани 3.141 корисници, o Обезбедена административна поддршка на 1.032 корисници - Обезбедени СУ за **др. ЈП** на **2.800** корисници: o Информирани 1.599 корисници, o Обезбедена административна поддршка на 1.201 корисници **Вкупно обезбедени СУ за финансиска поддршка на 9.648 корисници.**	Активност условена од објавување на јавни повици од страна на АФПЗРР. Услужен секој барател кој побарал СУ за финансиска поддршка од програмите и мерките Нема можност да се измери опфатот на информираност преку настап и објави во електронски и печатени медиуми, како и социјални мрежи. Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа намалени, а групните јавни средби не се одржаа.

		Планираниот резултат е исполнет. Резултатите и целите на програмата / потпрограмата се постигнати.	
Мерка: Организирање на обуки и пренос на знаење за родова еднаквост **Активност:** Информативни средби за родова еднаквост **Активност:** Едукација на групи жени	Координативна група за родова еднаквост. - 20 информативни средби на ниво на координативна група - 5 обуки на ниво на координативна група	- Реализирани 7 информативни средби со опфат на 13 жени. - Реализирани 2 обуки за едукација на групи жени. Планираниот резултат е исполнет со 37%.	Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа ограничени, а групните јавни средби се одржаа во намален обем. Слаба посветеност на Координативната група за родова еднаквост.
ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ			
Мерка/активност	**Образложение**	**Влијание**	**Препорака**

Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата: **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:**	- **развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните;** - **успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.** - Исполнување на обврска согласно Законот за ФАДН и Годишниот договор за прибирање на сметководствени податоци од ЗС.	
Назив на програмата/потпрограмата: **<u>ПРОГРАМА 2:</u> СИСТЕМ ЗА МОНИТОРИНГ НА ФАРМА/ФАДН** **ПОТПРОГРАМА 1: Систем за мониторинг на фарма/ФАДН**	**Цел на програмата/потпрограмата:** **Одржување континуитет во прибирање и внесување на податоци од репрезентативни фарми и нивна дисеминација.** - Прибрани и внесени податоци од 774 ЗС	**Одговорен:** Велко Бачевски - Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој

СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ			
Мерка/активност	**Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво**	**Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата**	**Коментар**
Мерка: Евиденција на сметководствени податоци	Закон за ФАДН, Склучен Годишен договор со	Прибрани се податоци од 774 ЗС, кој број е утврден согласно Годишниот договор со МЗШВ.	Недоволен број на советодавци поради што не може да се зголеми

Активност: Прибирање податоци од ЗС **Активност:** Внес на податоци во софтвер	МЗШВ, Постоечки софтвер за ФАДН. - Прибрани податоци од 774 ЗС - Внесени податоци од 715 ЗС	На почетокот на 2020 година внесени се податоците прибрани во 2019 година од 715 ЗС. Целта на Програмата/Потпрограмата во целост е постигната.	опфатот на репрезентативни фарми. Според методологијата податоците прибрани на годишно ниво се внесуваат на почетокот на наредната година.

ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ			
Мерка/активност	**Образложение**	**Влијание**	**Препорака**

Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата: **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:**	**Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните.** **Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.** - целосна имплементација на препораките од Функционалната анализа во насока на институционално зајакнување; - воспоставување на целосно интегриран информациски систем во административното работење; - зајакнат административниот капацитет на АПРЗ согласно годишниот план за обуки и вработувања; - зголемување на институционалниот капацитет за подготвување и спроведување на Стратешкиот план и Годишниот пан за работа, оценување и известување на постигнатите резултати; - реорганизација на АПРЗ преку зајакнување на отчетноста; - доследно спроведување на реформскиот процес со силна институционална поддршка, согласно Владините препораки; - имплементација на системот за квалитет во управувањето ИСО 9001.	
Назив на програмата/потпрограмата: **<u>ПРОГРАМА 3:</u> ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ** **ПОТПРОГРАМА 1: Зајакнување на административниот капацитет** **ПОТПРОГРАМА 2: Надградба на ИКТ системот** **ПОТПРОГРАМА 3: Формално - правна консолидација и имплементација**	**Цел на програмата/потпрограмата:** **Подобрено управување, развој, следење и евалуација на човечките ресурси и менаџментот на сите нивоа на управување.** - Оптимизација на работните процеси и развој на човечките ресурси - Зголемена ефективност и ефикасност на работните процеси - Спроведување на законски и	**Одговорен:** Весна Илиевска - Раководител на сектор за финансиски прашања

		подзаконски акти	
СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ			
Мерка/активност	**Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво**	**Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата**	**Коментар**
Мерка: Годишен план за вработување (ГПВ) **Активност:** Изработка и усвојување	Годишен план за вработување за 2020. Почетна основа 95 вработени на почетокот на 2020 година. - 30% зголемување на бројот на вработени	Изработен и усвоен ГПВ. - Бројот на вработени е зголемен за 30% со вработување на 29 извршители на определено време. - Нема унапредување на вработени. Мерката/Активноста делумно ја постигна целта на Потпрограма 1.	Непостојаност на извршители поради вработување од времен карактер со ризик од променлив континуитет. Не е добиена согласност за унапредување на вработени.
Мерка: Годишен план за обуки (ГПО) **Активност:** Изработка и усвојување	Годишен план за обуки за 2020. - 5 генерички обуки по вработен - 2 специјализирани обуки по вработен	Изработен и усвоен ГПО. - Нема реализација на генерички обуки. - Нема реализација на специјализирани обуки. Има негативно влијание врз постигнувањето на целта на Потпрограма 1.	Намалена можност за стручно усовршување и надоградба за подигање на личниот капацитет на вработените за подобрување на перформансите.
Мерка: Годишен план за ИКТ **Активност:** Изработка и усвојување	Анализа на состојба на ИКТ опрема. - Обновена хардверска опрема - Апдејтирање на постоечки софтверски решенија	- Не е реализирана набавака на компјутерска опрема -Не е реализирано апдтејтирање на постоечките софтверски решенија	Не се реализра поради рестриктивните мерки од Ковид -19.
Мерка: Годишен план за воспоставување финансиско управување и контрола **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка, Годишни извештаи - Реализација на планот	Подготвен и усвоен Годишниот план за финансиско управување и контрола. Реализацијата е во согласност со екипираност на членовите согласно акцискиот план за спроведување.	Реализацијата е во согласност со екипираност на членовите согласно акцискиот план за спроведување и мжностите предизвикан од Ковид -19
Мерка: Годишна стратегија за управување со ризици **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка - Реализација на стратегијата	Подготвена и усвоена Стратегија за управување со ризици. Реализацијата е во согласност со екипираност на членовите согласно регистарот на ризици.	Реализацијата е во согласност со екипираност на членовите согласно акцискиот план за спроведување и мжностите предизвикан од Ковид -19
Мерка: Годишен план за евиденција и реализација на режиски трошоци **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка - Реализација на планот	Воспоставено софтверско решение за аналитичка сметководствена евиденција по организациони единици, извршители и надворешни чинители.	Воспоставено софтверско решение за аналитичка сметководствена евиденција за обработка на податоци на централно ниво со евиденција по организацини единици

Мерка: Годишна пресметка и исплата на плати **Активност:** Месечни пресметки и исплата на плати	Законодавно правна рамка - 12 пресметки и исплати	Воспоставено софтверско решение за навремена пресметки и исплати на 12 плати и надоместоци.	Воспоставено софтверско решение за навремена пресметки и исплати на 12 плати и надоместоци
Мерка: Годишна програма за јавни набавки **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка - 20 постапки за јавна набавка	- Реализирани 9 постапки за јавна набавка.	Реализирани 9 постапки за јавна набавка.
Мерка: Годишна програма за внатрешна ревизија **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка - реализација на програмата	Активноста не е извршена, нема вработено лице на работно место внатрешен ревизор.	Нема согласност за пополнување на неопределено работно место внатрешен ревизор.

ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ

Мерка/активност	**Образложение**	**Влијание**	**Препорака**
Мерка: Годишен план за обуки (ГПО) **Активност:** Изработка и усвојување	АПРЗ поднесе барање до МИОА за вклучување во системот за микроучење и системот за управување со учењето кај генеричките обуки. За специјализирани обуки нема финансиски средства во буџетот.	Негативно влијае врз оптимизацијата на работните процеси и развојот на човечките ресурси, со недоволна ефективност и ефикасност на работните процеси и опасност од неможност за целосна реализација на планираните активности.	Вклучување во системот на МИОА. Обезбдување на поголем буџет и оптимизација на распределбата на буџетските средства по буџетски линии.
Мерка: Годишен план за ИКТ **Активност:** Изработка и усвојување	Не е реализирана планираната набавака на компјутерска опрема и апдтејтирање на постоечките софтверски решенија поради рестриктивните мерки од Ковид -19	Застарената компјутерска опрема и софтвери предизвикуваат проблеми во секојдневното работење, со што се намалува ефективноста и ефикасноста во целокупната работа на АПРЗ.	Да се продолжи со набавка на компјутерска опрема и софтвер како и негово апдејтирање, штом се овозможат услови за тоа.

2.2. Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата

Преглед на иницијативите во надлежност на АПРЗ кои биле доставени до Владата на РМ согласно Годишната програма за работа на Владата:

- Набавка на компјутерска опрема: Не се реализра поради рестриктивните мерки од Ковид -19

- Реконструкција на 14 објекти: Не се реализира поради рестриктивните мерки од Ковид -19
- Набавка на софтвер: Не се реализира поради рестриктивните мерки од Ковид -19
- Набавка на нови моторни возила: Не се реализира поради рестриктивните мерки од Ковид -19.

2.3. Оценка на спроведувањето на други активности кои произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа

Преглед на подзаконската регулатива и други акти донесени од страна на директорот на АПРЗ, а кои се поврзани со законската регулатива утврдена од страна на Владата или со тековното работење на АПРЗ:

- Извршена измена и дополнување на Статутот на АПРЗ, донесен и усвоен од УО и ВРСМ.
- Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места.
- Извршена Измена и дополнување на Функционалната анализа согласно методолигија од МИОА.

Преглед на други спроведени мерки и активности кои произлегуваат од работата на АПРЗ:

- Спроведување на планот за јавни набавки: Спроведени 9 постапки за јавни набавки.
- Реализација на постапки за вработување согласно Годишниот план за вработување: Спроведена е постапка за вработување на 29 извршители на определено време.

3. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Осврт на околностите, застоите и ризиците кои се појавиле во периодот на известување:

- Недоволен број на советодавци во однос на бројот на корисници на советодавни услуги.
- Непостојаност на извршители поради вработување на советодавци од времен карактер и променлив континуитет.
- Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа намалени, а трибините како групни настани не се одржуваа.
- Несоодветна и неправилна евиденција во Системот за евиденција и следење на активности.
- Несоодветно поставени показатели на резултати при подготовка на годишниот план кои не се соодветно мерливи и остварливи.
- Неможност за мерливост на опфатот на информираност од објави во електронски и печатени медиуми, како и социјални мрежи.

- Неможност за стручно усовршување и надоградба за подигање на личниот капацитет на вработените за подобрување на перформансите поради отсуство на обуки.
- Непополнети работни места согласно систематизација.
- Неможност за унапредување на вработени за напредок во кариерата.
- Одлив на вработени по основ на пензионирање и други околности и непополнување на истите.

Овие околности и ризици кои се појавиле во текот на работењето влијаеле значително врз спроведувањето на мерките и активностите како и на постигнување на резултатите, а влијаеле и врз обемот, ефективноста, ефикасноста, како и квалитетот на реализацијата.

4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Активностите на АПРЗ согласно Програмата на Владата, Стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата, како и Годишниот план на АПРЗ делумно се реализирани во планираниот обем и рок, со одредени отстапувања.

Отстапувањата се настанати како резултат на потреба од човечки ресурси во одредени сегменти, потреба од современо решение за мониторинг и евалуација на процесите и вработените, потреба од обуки, хармонизација на интерните акти, како и потреба од материјални и финансиски средства во одредени сегменти.

Генерални препораки во однос на плановите за идната година:

- Подобрување во правилното евидентирање во Системот за евиденција и следење на активности, како преодно решение до обезбедување на соодветно софтверско решение.
- Дигитализација на процесите, односно набавка на интегриран софтвер за автоматизација на административните процеси и управување со човечките ресурси, за олеснување на процесот за подготвување, следење, оценување и известување на стратешките и годишните планови за работа.
- Вклучување во системот на МИОА за микроучење и системот за управување со учењето, со цел да се овозможат генеричките обуки.
- Доследно спроведување на Годишниот план за обуки на вработените.
- Пополнување на работните места испразнети по основ на одлив на вработени заради пензионирање или други околности.
- Ревидирање на Правилникот за систематизација на работни места според реални потреби за извршување на активностите.

- Ревидирање на годишниот план за вработување, за пополнување на клучни работни места согласно систематизацијата.
- Континуирано обновување на хардверската опрема, со цел замена на старата и нефункционална, со што ќе се подобри ефективноста и ефикасноста на работните процеси.
- Да се продолжи со набавка на возила за реализација на теренски активности во исполнување на работните задачи.
- Реновирање на објектите во сопственост на АПРЗ, што ќе влијае и врз намалување на трошоците за нивно функционирање.
- Континуирано подобрување на подготовка на Стратешкиот план, соодветно и Годишниот план за работа на АПРЗ согласно реалните состојби, расположивите капацитети и можностите.
- Реално поставување на целите и на показателите на успешност – планирани резултати, чии што индикатори треба да се остварливи и лесно мерливи.
- Планирање и реализација на активности по советодавец согласно мерките и активностите од Годишниот план за работа. Да се води грижа за исполнување на поставените индикатори.
- Планирање и реализација на активности согласно работните задачи и обврски наведени во Правилникот за систематизација на работни места.
- Поголема грижа и посветеност на раководителот на РО во делот на контрола, организација, координација, насочување и обезбедување поддршка на секој извршител во неговите секојдневни активности.
- Доследно почитување на процедурите за работа (постапки, процедури, упатства).
- Подобрување во организацијата на обезбедување на СУ со воведување на систематизиран пристап во однос на побарана и адекватно на тоа дадена услуга.
- Потреба од формално правно уредување и регулирање на улогата, правата и обврските на АПРЗ во учеството на реализација на дел од мерките за финансиска поддршка (ПФПЗРР и ИПАРД) прку официјални формални акти каде поблиску ќе бидат утврдени надлежностите на АПРЗ.

Битола,
Февруари, 2021 год.

Директор/Drejtori,
Elgafar Jusufi

_____